**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”
објавува
Повик за пријавување на ментор кој ќе ги менторира
јавните говорници за ораторските настапи по повод одбележување на
8 април – Меѓународниот ден на Ромите во академската 2017/18 година**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“, објавува повик за пријавување на ментор кој ќе ги менторира јавните говорници за ораторските настапи по повод одбележување на 8 април – Меѓународниот ден на Ромите во академската 2017/18 година во рамки на проектот: „Ромаверзитас - со поддршка за развој кон лични и колективни еднакви пристапи и можности“. Проектот е финансиран од Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## Опис на ораторските настапи

ЗГ „РОМАВЕРЗИТАС“ за одбележување на 8 април – Меѓународниот ден на Ромите ќе организира ораторски настапи со јавни говори на теми за ромскиот народ – минато, сегашност и иднина. Темите на јавните говори, во согласност со афинитетите на селектираните јавни говорници, ќе ги опфатат: ромскиот идентитет, ромскиот јазик, ромската историја, култура и традиција, ромското/младинското движење/организирање, наративот за Ромите, актуелни прашања и проблеми на ромската заедница во Македонија и други теми кои се поврзани со Ромите.

## Работни задачи на менторот:

- Да планира и спроведува работилница за јавен говор;
- Да го менторира процесот на избор на тема и подготовка на јавен говор;
- Да го менторира процесот на подготовка на јавниот настап;
- Да планира и спроведува индивидуални и групни работните средби со јавните говорници и менаџментот на организацијата во период од најмалку еден месец;
- Да ги планира и спроведува генералните проби на јавните говорници;
- Да дистрибуира план на индивидуални и групни средби, како и примероци од употребените наставни материјали;
- Да ги мотивира и охрабрува јавните говорници за стекнување/надградување на нивните вештини за јавно говорење за да одржат успешен јавен говор.

## Услови за пријавување

Заинтересираните кандидати за ментори треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Да имаат завршено најмалку прв циклус на студии;
- Да имаат искуство поврзано со јавно говорење;
- Да имаат работно искуство поврзано со менторирање и држење јавен говор.

**Документи за пријавување**

Заинтересираните кандидати за ментори треба да ги достават следниве документи:

- Скенирана диплома за завршено високо образование;
- Кратка биографија која ќе го содржи искуството на кандидатите во врска со менторирање и држење јавно говорење;
- Листа на ангажмани поврзани со менторирање и јавно говорење.

**Начин на пријавување**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk , со назнака ***повик за ментори за јавни говорници за 8 април.***

**Рок за пријавување**

Пријавувањето за повикот за ментор за јавни говорници за 8 април е најдоцна до **11 февруари 2018 година**.

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во февруари 2018.

Критериуми при процесот на селекција на кандидати се:

- исполнување на условите на пријавување;
- комплетноста и квалитетот на испратени документи за пријавување;
- искуството за јавно говорење.

Дополнителни информации за повикот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 10.00 до 18:00 часот или електронски на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk.